

**Мизрахи: Имам најмалку 7300 причини од кои по Холокаустот ни пепел не остана да гласам против уставни измени!**

Имам најмалку 2 милиони причини кои се против уставните измени и заради кои гласам против!

Најмалку 5 години се изнаслушавме за “заедничка историја, дијалект јазик со фуснота, Илинденско - Преображенско Востание, Македонците се Блгари, ние не бевме окупатори туку администратори... Се изнаслушавме па и сред Скопје за тоа како партизаните ни переле мозок, како сме неосвестени.

Брусеа, бришеа, рушеа, комисии правеа … доста е , НЕ!

Се нагледавме клубови со имиња на фашисти, глума и театар!

Се наслушавме лаги за обесправени и обезчестени само заради етничка припадност по кои и владини авиони доаѓаа…

Сега е доста, гласам НЕ, не заради блокирање на нечии права, туку заради зачувување на нашата држава, историја, култура, засебност.

Не сум против ЕУ, напротив ЕУ е нашата иднина.

Јас сум против договорот и протоколот кои СДСМ го потпиша со Бугарија, кој немаше допирна точка со ЕУ!

Овој договор и протокол не се наши, овој договор и протокол се на мала група од СДСМ и Бугарија.

А тој договор и протокол не само што не отвора врата кон ЕУ туку не брише сите!

**Ги опоменувавме, протестиравме, разговаравме, објаснувавме да не го прават ова, не не слушаа, како што не го слушаат народот и денес.**

**Штом така, што си договориле нека испорачаат но без мене. НЕ!**